**Народна банка на Република Северна Македонија**
**Дирекција за статистика**

Скопје, 29 ноември 2019 година

## Соопштение за печат

# Позначајни движења во платниот биланс[1] во третиот квартал од 2019 година

Во третиот квартал од 2019 година во тековните трансакции со нерезидентите е остварен суфицит од 184 милиони евра. Кај финансиските трансакции со нерезиденти се остварени нето-одливи, како одраз на тековите кај категориите валути и депозити, портфолио-инвестиции и трговски кредити. Од друга страна, нето-приливи се забележуваат кај директните инвестиции и долгорочните заеми. Девизните резерви во третото тримесечје се зголемија за 174,4 милиони евра.

(во милиони евра)

| | тековна година | | | | претходна година | | | | квартална промена | | годишна промена | | збирна промена | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Кв.1 2019 | Кв.2 2019 | Кв.3 2019 | **Кв.1-3 2019** | Кв.1 2018 | Кв.2 2018 | Кв.3 2018 | **Кв.1-3 2018** | милиони евра | % | милиони евра | % | милиони евра | % |
| **Тековна сметка** | **-156.2** | **-40.9** | **184.0** | **-13.1** | **-141.0** | **30.8** | **199.9** | **89.8** | **224.9** | ...* | **-15.9** | -8.0 | **-102.9** | ...* |
| Стоки | **-472.9** | **-435.3** | **-432.5** | **-1,340.8** | **-462.8** | **-403.1** | **-395.4** | **-1,261.3** | **2.8** | -0.6 | **-37.2** | 9.4 | **-79.5** | 6.3 |
| Услуги | **102.7** | **98.0** | **180.0** | **380.7** | **103.6** | **117.6** | **187.1** | **408.3** | **82.0** | 83.6 | **-7.1** | -3.8 | **-27.6** | -6.8 |
| Примарен доход | **-112.3** | **-111.1** | **-115.5** | **-339.0** | **-113.8** | **-111.3** | **-117.7** | **-342.8** | **-4.4** | 4.0 | **2.2** | -1.8 | **3.8** | -1.1 |
| Секундарен доход | **326.4** | **407.5** | **552.1** | **1,286.0** | **332.0** | **427.7** | **525.8** | **1,285.6** | **144.5** | 35.5 | **26.2** | 5.0 | **0.4** | 0.0 |
| **Капитална сметка** | **0.6** | **0.1** | **5.8** | **6.5** | **1.2** | **1.4** | **1.2** | **3.9** | **5.8** | | **4.7** | | **2.7** | |
| **Финансиска сметка** | **-154.8** | **-25.7** | **217.2** | **36.8** | **-158.4** | **44.2** | **204.3** | **90.1** | **242.9** | | **12.9** | | **-53.4** | |
| Директни инвестиции | **-40.2** | **-10.7** | **-62.4** | **-113.3** | **-233.5** | **-69.7** | **3.8** | **-299.4** | **-51.7** | | **-66.3** | | **186.1** | |
| Нето-стекнување средства | **179.3** | **109.5** | **57.0** | **345.8** | **60.7** | **56.7** | **45.1** | **162.5** | **-52.4** | | **11.9** | | **183.3** | |
| *Сопственички капитал*** | **3.3** | **5.5** | **12.7** | **21.5** | **0.6** | **0.9** | **0.0** | **1.5** | **7.2** | | **12.7** | | **20.1** | |
| *Реинвестирање на добивка* | **3.3** | **1.6** | **2.3** | **7.2** | **2.4** | **2.4** | **2.4** | **7.1** | **0.7** | | **0.0** | | **0.2** | |
| *Должнички инструменти* | **172.7** | **102.3** | **42.0** | **317.0** | **57.7** | **53.5** | **42.7** | **154.0** | **-60.4** | | **-0.8** | | **163.0** | |
| Нето-создавање обврски | **219.5** | **120.1** | **119.4** | **459.1** | **294.2** | **126.4** | **41.2** | **461.8** | **-0.7** | | **78.2** | | **-2.8** | |
| *Сопственички капитал*** | **78.8** | **45.1** | **35.4** | **159.3** | **12.0** | **23.5** | **23.6** | **59.1** | **-9.6** | | **11.9** | | **100.2** | |
| *Реинвестирање на добивка* | **93.8** | **16.3** | **-1.0** | **109.2** | **54.6** | **54.6** | **54.6** | **163.8** | **-17.3** | | **-55.6** | | **-54.7** | |
| *Должнички инструменти* | **46.8** | **58.8** | **85.0** | **190.6** | **227.5** | **48.3** | **-37.0** | **238.9** | **26.2** | | **121.9** | | **-48.3** | |
| Портфолио инвестиции | **22.3** | **19.8** | **72.2** | **114.3** | **-368.6** | **1.4** | **35.0** | **-332.2** | **52.5** | | **37.3** | | **446.5** | |
| Валути и депозити | **35.2** | **-30.1** | **98.7** | **103.8** | **80.0** | **73.1** | **72.8** | **225.8** | **128.9** | | **26.0** | | **-122.0** | |
| Заеми | **-17.8** | **-26.0** | **-54.3** | **-98.1** | **47.9** | **-56.4** | **-35.3** | **-43.8** | **-28.3** | | **-19.0** | | **-54.4** | |
| Трговски кредити | **-148.8** | **-27.7** | **41.0** | **-135.5** | **59.3** | **35.5** | **36.6** | **131.3** | **68.6** | | **4.4** | | **-266.8** | |
| Девизни резерви | **-5.6** | **49.4** | **174.4** | **218.2** | **256.6** | **60.9** | **91.6** | **409.1** | **125.0** | | **82.8** | | **-190.9** | |

...* процентуалната промена е над 100.

** Сопственички капитал, освен реинвестирањето на добивката

Напомена: Во финансиската сметка знакот (-) означува нето-приливи од странство. Кај девизните резерви знакот (+) означува зголемување, додека знакот (-) означува намалување на девизните средства. Во податоците за девизните резерви се исклучени ценовните промени и курсните разлики.
Извор: НБРСМ.

## *Тековна сметка*

Поволните остварувања во тековните трансакции со нерезиденти во третиот квартал од 2019 година се резултат на нето-приливите остварени кај секундарниот доход и размената на услуги (552,1 милион евра и 180 милиони евра, соодветно), коишто ги надминаа

[1] Платниот биланс претставува статистички извештај којшто систематски ги сумира сите економски трансакции на Република Северна Македонија со странство за определен временски период, односно ги сумира тековните, капиталните и финансиските трансакции помеѓу резидентите и нерезидентите.

дефицитите остварени кај стоковната размена (432,5 милиони евра) и кај примарниот доход (115,5 милиони евра).

Споредено со вториот квартал од годината кога тековната сметка забележа дефицит од 40,9 милиони евра, во третиот квартал тековната сметка бележи позитивна промена од 224,9 милиони евра. Најзначајни квартални подобрувања се остварени кај секундарниот доход и кај размената на услуги (144,5 и 82 милиона евра, соодветно).

Во споредба со третиот квартал од минатата година, суфицитот во тековната сметка е намален за 15,9 милиони евра, што во најголем дел се објаснува со повисокиот дефицит во стоковната размена (за 37,2 милиона евра), како и намалениот суфицит во размената на услуги (за 7,1 милион евра), при подобри остварувања кај секундарниот и примарниот доход (за 26,2 и 2,2 милиона евра, соодветно).







Извор: НБРСМ.

## *Финансиска сметка*

Кај финансиските трансакции со нерезиденти, во третиот квартал од 2019 година се остварени нето-одливи од 217,2 милиона евра. Позначајни нето-одливи се евидентирани кај валутите и депозитите (98,7 милиони евра), портфолио-инвестициите (72,2 милиона евра) и трговските кредити (41 милион евра), додека нето-приливи се остварени кај директните инвестиции (62,4 милиони евра) и кај заемите (54,3 милиони евра). Девизните резерви бележат зголемување за 174,4 милиони евра.

Во третиот квартал, кај директните инвестиции се остварени нето-приливи од 62,4 милиони евра. Анализирано по компоненти, ваквите остварувања се резултат на нето-приливите кај меѓукомпаниските долг (43 милиони евра) и кај сопственичкиот капитал (22,7 милиони

евра), при нето-одливи кај реинвестирањето на добивката (3,3 милиони евра). Од почетокот на годината заклучно со септември, се остварени нето-приливи врз основа на директни инвестиции во износ од 113,3 милиони евра.

Во третиот квартал од 2019 година, обврските врз основа на директни инвестиции[2] бележат зголемување од 119,4 милиони евра, како резултат на нето-растот на обврските врз основа на меѓукомпанискиот долг (85 милиони евра) и сопственички капитал (35,4 милиони евра), наспроти намалената реинвестирана добивка. Негативниот предзнак на реинвестираната добивка е резултат на релативно високиот износ на исплатени дивиденди во третиот квартал од годината во износ од 106 милиони евра.

Во истиот период, средствата врз основа на директни инвестиции се зголемени за 57 милиони евра, во најголем дел како резултат на зголемените побарувања врз основа на меѓукомпаниски долг (42 милиона евра), а во помал дел и од зголемените побарувања врз основа на сопственички капитал (12,7 милиони евра).

Во третиот квартал од годината, нето-обврските врз основа на портфолио инвестиции се намалени за 72,2 милиона евра, во најголем дел како резултат на откуп на еврообврзници од претходни емисии (од страна на домашните комерцијални банки) и отплата на камата по издадените еврообврзници.

Во третиот квартал од 2019 година, нето-приливите врз основа на заеми од 54,3 милиони евра во најголем дел произлегуваат од нето-приливите кај секторот „депозитни институции" (32,5 милиони евра) и кај останатите сектори[3] (30,9 милиони евра), делумно неутрализирани преку нето-одливите кај сектор „држава" во износ од 8,2 милиона евра.

Во првите три квартали од годинава, нето-приливите од трговски кредити (135,5 милиони евра), директни инвестиции (113,3 милиони евра) и од заеми (98,1 милион евра) ги надминаа нето-одливите на средства врз основа на портфолио-инвестиции (114,3 милиони евра) и валути и депозити (103,8 милиони евра), што овозможи финансирање на дефицитот во тековната сметка од 13,1 милион евра и значителен раст на девизните резерви од 218,2 милиона евра.

---

[2] Се прикажуваат директни инвестиции во зависност од тоа дали финансиските трансакции создаваат обврска кон или, побарување (средства) од странство.

[3] Останатите сектори опфаќаат: останати финансиски институции, нефинансиски претпријатија, домаќинства и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.

## Народна банка на Република Северна Македонија
## Дирекција за статистика






Извор: НБРСМ.

## Ревизии на податоци

Податоците за платниот биланс во ова соопштение содржат редовна ревизија на податоците за периодот јануари – јуни 2019 година заради подобрување на нивниот квалитет. Притоа, во тековната сметка ревизијата на податоците придонесе за зголемување на дефицитот за 1,6 милиони евра, главно како резултат на зголемувањето на дефицитот во размената на стоки (за 1,6 милиони евра). Кај финансиската сметка ревизијата на податоците се однесува на зголемување на нето-приливите врз основа на директни инвестиции (за 2,1 милион евра) и заеми (за 1,4 милиони евра), но и зголемување на нето-одливите по портфолио инвестиции (за 1,5 милиони евра) и трговски кредити (за 1 милион евра). Ревизијата на податоците доведе до речиси незначително зголемување на грешките и пропустите за периодот јануари – јуни 2019 година (за 0,3 милиони евра).

## ***Придружни информации***

Временски серии податоци:годишни, квартални и месечни податоци за платниот биланс
http://www.nbrm.mk/platen_bilans.nspx

Методолошки појаснувања: http://www.nbrm.mk/platen_bilans.nspx

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://www.nbrm.mk/kalendar_na_objavuvanje_na_podatoci.nspx

Квартален платен биланс: 28 февруари 2020 (референтен период, заклучно со декември 2019 година).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 103 (или 110/108).